# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** — **Бр. 11 год. 22**

**Општина Чучер - Сандево, Ноември 2019 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| Излегува | Четврток | Бр. 11 |
|---|---|---|
| по потреба | 28 ноември 2019 година | Год. 22 |


# 54.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/1**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр.5/2002 год. и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,192/15 и 209/18, Советот на Општина ЧУЧЕР САНДЕВО на **25[ТА]** седница, одржана на **27.11.2019** година, донесе:

### О Д Л У К А
**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **А0** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 754111 | Други домашни задолжувања | 0 | 0 | 0 | 23,000,000 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |

И се распоредуваат на следните расходни потставки :

| Потпрограма Потставка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| JD0 | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици и патишта | 0 | 0 | 0 | 23,000,000 |
| | | 0 | 0 | 0 | 23,000,000 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2019 година.

**Бр.08-1280/3**
**27.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 55.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО 2019 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево во 2019 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/2**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен веник на Р.М.” бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Советот на Општина Чучер-Сандево на **25-та** седница одржана на **27.11.2019** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се дава Согласност на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2019 година, бр.01-1279/1 од 19.11.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1280/4**
**27.11.2019 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 56.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА АКТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈОУД-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ“ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Акт за основање на Јавна општинска установа за деца-детска градинка "МИЛО МОЕ“ во Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/3**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 109 став 1 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19 и 146/19) и Одлуката за основање на Јавна општинска установа за деца - детска градинка "МИЛО МОЕ“ во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево број 08-1093/3 од 30.09. 2019 година, Советот на Општина Чучер Сандево на **25-та** седница одржаната на ден **27.11. 2019** година, донесе

**АКТ ЗА ОСНОВАЊЕ**
**на Јавна општинска установа за деца - детска градинка "МИЛО МОЕ“ во Општина Чучер Сандево**

**I. НАЗИВ, ОДНОСНО ИМЕ НА ОСНОВАЧОТ**

**Член 1**

Се основа Јавна општинска установа за деца - детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Општина Чучер Сандево.

Основач на Јавната општинска установа за деца - детска градинка “МИЛО МОЕ“ е Општина Чучер Сандево со седиште во с.Кучевиште, ул.4, бр.6.

## II. НАЗИВ, ОДНОСНО ИМЕ НА ФИРМАТА НА УСТАНОВАТА И СЕДИШТЕ НА УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА

**Член 2**

Називот на Јавната установа гласи: Јавна општинска установа за деца - детска градинка “МИЛО МОЕ“ Општина Чучер Сандево (во понатамошниот текст: детска градинка).

Скратен назив на Детската градинка е: ЈОУДГ “МИЛО МОЕ“ во Општина Чучер Сандево.

Седиштето на детска градинка е во Чучер Сандево, ул.”1“, бр.11А, Општина Чучер Сандево.

## III. ВИД НА ДЕЈНОСТА НА УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА

**Член 3**

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско - рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

*Шифра на дејност*

Согласно националната класификација на дејности Јавната општинска установа за деца - детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево, ќе ја врши претежна дејност 88.91 утврдена во НКД како Дејност на дневна социјална заштита на деца.

Дејноста во детската градинка ќе се остварува согласно Програмата за рано учење и развој („Службен весник на РМ бр.46/14).

## IV. СРЕДСТВА ЗА ОСНОВАЊЕ И ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

**Член 4**

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на детската градинка ќе се обезбедат во буџетот на Општина Чучер Сандево од Буџетот на Република Северна Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

**Член 5**

Средства за основање и почеток со работа на установа за деца се обезбедени од Општина Чучер Сандево и Министерство за труд и социјална политика, а за опрема од Министерство за труд и социјална политика.

## V. ВРЕМЕ ЗА КОЕ УСТАНОВАТА СЕ ОСНОВА

**Член 6**

Детската градинка се основа на неопределено време.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОСНОВАЧОТ ВО ПОГЛЕД НА ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА И МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА И ОСНОВАЧОТ

**Член 7**

Основачот на детската градинка ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и други прописи.

**Член 8**

Меѓусебните права и обврски меѓу детската градинка и основачот се уредува со посебен договор, кој го склучуваат директорот на детската градинка и градоначалникот на Општина Чучер Сандево.

## VII. УПРАВУВАЊЕ СО УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА

**Член 9**

Орган на управување во детската градинка е Управниот одбор .

Управниот одбор го сочинуваат 7 члена и тоа: тројца претставници од основачот, еден претставник од детската градинка, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од Министерството.

Претставниците на основачот на детската градинка ги именува и разрешува Советот на Општина Чучер Сандево.

Претставникот на детската градинка го предлага стручниот совет на детската градинка врз основа на стручност и компетентност, а го избира и разрешува основачот по постапка пропишана со статутот на детската градинка.

Претставниците од родителите на децата ги предлага Советот на родители, а ги именува и разрешува основачот по постапка пропишана со статутот на установата.

Претставникот на министерството го предлага министерот, а го именува и разрешува основачот.

Членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА ВО ПРАВНИОТ ПРОМЕТ

**Член 10**

Детската градинка има својство на правно лице кое ќе го стекне со упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка во рамките на дејноста која е запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија .

За обврските преземени во свое име и за своја сметка детската градинка одговара со целиот свој имот .

**Член 11**

Лицето Емилија Каскаровска се именува за вршител на должноста директор, кое е овластено според насоките на основачот да ги извршува подготовките за почеток на работа на установата. Вршителот на должноста ги има сите права и должности на директор и може да ја врши должноста до именување на директор, а најдолго шест месеци од денот на неговото именување.

**Член 12**

Работниците кои ќе засноваат работен однос со детската градинка своите права и обврски ги остваруваат во согласност со закон и колективен договор.

**Член 13**

Детската градинка ќе може за обезбедување на потребите на својата дејност да склучува договори со правни и физички лица.

## IX. РОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 14**

Донесувањето на Статутот ќе се изврши во рок од шеесет дена од денот на уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 15**

Овој Акт влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер Сандево".

**Бр.08-1280/5**
**27.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 57.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ ЈОУД-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Се објавува **Одлука за давање на користење, одржување и управувае на објект Јавна општинска установа за деца-детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/4** **Општина Чучер-Сандево**
**28.11.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1точка 10 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02 год ) и член 74 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер Сандево” бр.05/2019) Советот на Општина Чучер Сандево на **25-та** седница одржаната на ден **27.11. 2019** година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на користење, одржување и управување на објектот на Јавната општинска установа за деца - детска градинка МИЛО МОЕ во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „МИЛО МОЕ“, во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево како и други прашања во врска со функционирањето на истиот .

**Член 2**

Објектот Јавната општинска установа за деца – детска градинка „МИЛО МОЕ“, во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево како посебен дел е лоциран во дворот на ООУ „Александар Урдаревски“ Чучер-Сандево и е изграден со средства од Буџетот на Општина Чучер Сандево и Министерството за труд и социјална политика Скопје, а опремата и дидактичките средства се обезбедени од Министерство за труд и социјална политика.

**Член 3**

Објектот ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца – детска градинка„МИЛО МОЕ“, во Чучер Сандево Општина Чучер Сандево.

Јавната општинска установа за деца – детска градинка„МИЛО МОЕ“, во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавање на објектот и опремата во истиот, помеѓу Јавната општинска установа за деца – детска градинка„МИЛО МОЕ“, во Чучер Сандево и Општина Чучер Сандево ќе се состави посебен записник.

**Член 4**

Јавната општинска установа за деца - детска градинка „МИЛО МОЕ“, во Чучер Сандево Општина Чучер Сандево, не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Директорот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка„МИЛО МОЕ“, во Чучер Сандево Општина Чучер Сандево се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето "Службен гласник на Општина Чучер Сандево".

**Бр.08-1280/6**
**27.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 58.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Решение за именување на членови во Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца-детска градинка "МИЛО МОЕ" во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/5**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 23 став 1 точка 28 од Статутот на Општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општината Чучер-Сандево" бр. 5/19), а во врска со член 114 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" 104/19 и 146/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на 25-та седницата одржана на 27.11.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА КРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**I.** За членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, се именуваат:

1. Јошевски Даниел
2. Урдаревски Никола
3. Кајсторовски Стојче Сашо
4. Кајсторовски Борче Сашо

**II.** Членовите на управниот одбор од редот на членовите избираат претседател.

**III.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“.

**Бр. 08-1280/7**
**27.11.2019 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 59.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ - ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “СКОПСКА ЦРНА ГОРА“ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Се објавува **Одлука за давање на користење, одржување и управување на инфраструктурен објект - Фекална канализација на Јавно комунално претпријатие “Скопска Црна Гора“ Општина Чучр-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/6**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02 год ) и член 74 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер Сандево” бр.05/2019), Советот на Општина Чучер Сандево на **25-та** седница одржаната на ден **27.11. 2019** година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење, одржување и управување на инфраструктурен објект на Јавно комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” Општина Чучер Сандево**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на инфраструктурен објект Фекална канализациона мрежа на населени места с.Бањани и с.Горњани во Општина Чучер-Сандево на Јавно комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” Општина Чучер Сандево.

**Член 2**

Изградбата на инфраструктурниот објект Фекална канализациона мрежа на населени места с.Бањани и с.Горњани во Општина Чучер-Сандево се финансираше преку ЕУ ИПА грантот, согласно Договор за ИПА грант од ЕК бр.TFO 18812 од 24-ти декември 2014 година склучен помеѓу Меѓународна банка за обнова и развој и Република Македонија и договор за ИПА грант бр.МСИП/ИПА/71 од 16 декември 2017 година склучен помеѓу Република Македонија преставувана од Министерство за финасии и Општина Чучер-Сандево.

**Член 3**

Инфраструктурниот објект ќе го користи, одржува и управува Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” Општина Чучер Сандево.

Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” Општина Чучер Сандево е должно при користењето, одржувањето и управувањето со инфраструктурниот објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на инфраструктурниот објектот, помеѓу Јавното комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” Општина Чучер Сандево и Општина Чучер-Сандево ќе се состави записник.

**Член 4**

Јавнато комунално претпријатие “Скопска Црна Гора” Општина Чучер Сандево, не може инфраструктурниот објект да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето “Службен гласник на Општина Чучер Сандево”.

**Бр.08-1280/8**
**27.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 60.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДРАЧНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ“ С.ДОЛНО БЛАЦЕ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за ослободување од плаќање на надомесет за уредување на градежно земјиште за изградба на подрачно основно училоште “Александар Урдаревски“ с.Долно Блаце, Општина Чучр-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/7**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,), член 59 став 13 од Законот за градење (“Службен весник на Р.М.” бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) и член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **25-та** седница одржана на **27.11.2019** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” С.ДОЛНО БЛАЦЕ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа одлука инвеститорот Министерство за образование и наука се ослободува од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на Подрачно основно училиште “Александар Урдаревски” во с.Долно Блаце Опшина Чучер-Сандево на КП 2794/1 КО Блаце Кале, согласно Локална урбанистичка планска документација со намена В1-образование и наука, одобрена со Решение за одобрување Локална Урбанистичка планска документација бр.11-317/16 од 26.04.2018 година.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука изнесува 135.118,00 денари, согласно Пресметка за надомест за уредување на градежно земјиште Подрачно основно училиште “Александар Урдаревски” Опшина Чучер-Сандево, бр.11-438 од 18.11.2019 година.

**Член 3**

Оваа одлука да се достави до Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој и Министерство за образование и наука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1280/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.11.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 61.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Се објавува **Одлука за формирање на совет за социјална заштита на Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/8** **Општина Чучер-Сандево**
**28.11.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М"бр. 5/2002), а во врска со член 141 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Р.С.М." бр. 104/19 и 146/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **25-та** седницата одржана на **27.11.2019** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

**Член 1**

Со ова Одлука се формира Совет за социјална заштита на подрачјето на Општина Чучер-Сандево, во состав:

1. Маја Кметовска Урдаревска
2. Ирена Јошевска
3. Гордана Поповска

4. Шаби Аки
5. Маја Миленковска

**Член 2**

Членовите на советот од член 1 од ова одлука од редот на членовите избираат претседател.

**Член 3**

Одлуката да се достави до именуваните, архивата и Градоначалникот на општина Чучер-Сандево.

**Член 4**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-1280/10**
**27.11.2019 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 62.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "МИХАЉ ГРАМЕНО" С.БРЕСТ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за донесување на годишна програма за работа на ООУ "Михаљ Грамено" с.Брест за учебната 2019/2020 година,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/9**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), а во врска со член 49 став (8) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **25-та** седница одржана на **27.11.2019** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА НА ООУ "МИХАЈЉ ГРАМЕНО" С.БРЕСТ**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе Годишната програма за воспитно-образовната дејност во учебната 2019/2020 година на ООУ "Михаљ Грамено" с.Брест.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1280/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**27.11.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 63.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ПРЕСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ" САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за престанување на мандат на преставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на ООУ "Александар Урдаревски" Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/10** **Општина Чучер-Сандево**
**28.11.2019 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 5/02), член 16 став 1 точка 13 и член 23 став 1 точка 42 од Статутот на општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр. 2/03), а во врска со член 176 од Законот за основното образование ("Службен весник на Р.С.М." бр.161/19 ), Советот на општина Чучер-Сандево на **25-та** седницата одржана на **27.11.2019** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ " САНДЕВО**

**Член 1**

Мандатот на претставникот на Општина Чучер-Сандево, Нухи Нусри во Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Александар Урдаревски" Сандево, **му престанува**.

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-1280/12**
**27.11.2019 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 64.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ПРЕСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С.КУЧЕВИШТЕ**

Се објавува **Одлука за престанување на мандат на преставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на ООУ "Свети Кирил и Методиј" с.Кучевиште,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/11**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 5/02), член 16 став 1 точка 13 и член 23 став 1 точка 42 од Статутот на општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр. 2/03), а во врска со член 176 од Законот за основното образование ("Службен весник на Р.С.М." бр.161/19 ), Советот на општина Чучер-Сандево на **25-та** седницата одржана на **27.11.2019** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ " с.КУЧЕВИШТЕ**

**Член 1**

Мандатот на претставникот на Општина Чучер-Сандево, Раде Бојчевски во Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште, **му престанува**.

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-1280/13**
**27.11.2019 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 65.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ПРЕСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ “МИХАЈЛ ГРАМЕНО“ С.БРЕСТ**

Се објавува **Одлука за престанување на мандат на преставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на ООУ “Михаљ Грамено“ с.Брест,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/12**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“ бр. 5/02), член 16 став 1 точка 13 и член 23 став 1 точка 42 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр. 2/03), а во врска со член 176 од Законот за основното образование (“Службен весник на Р.С.М.“ бр.161/19 ), Советот на општина Чучер-Сандево на **25-та** седницата одржана на **27.11.2019** година, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ НА ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ “МИХАЉ ГРАМЕНО “ с.БРЕСТ**

### Член 1
Мандатот на претставникот на Општина Чучер-Сандево, Агим Барди во Училишниот одбор на Основното училиште “Михаљ Грамено“ с.Брест, **му престанува**.

### Член 2
Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”.

**Бр. 08-1280/14**
**27.11.2019 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 66.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОЈУ ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО, С.САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се објавува **Одлуката давање согласност на статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на ОЈУ Партизански дом Сандево, с.Сандево, Општина Чучер-Сандево, Република Македонија,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/13**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 5/02 ), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општина Чучер - Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **25-та** седница одржана на **27.11.2019** година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОЈУ “ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО“ С.САНДЕВО**

**Член 1**

Општина Чучер-Сандево дава СОГЛАСНОСТ на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општинската јавна установа “Партизански дом Сандево”, бр.0201-132 од 07.11.2019 година, донесена од страна на Управниот одбор на ОЈУ Партизански дом Сандево” с.Сандево - Општина Чучер-Сандево.

**Член 2**

Одлуката да се достави на Управниот одбор на Општинската јавна установа “Партизански дом Сандево”.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер - Сандево”.

**Бр.08-1280/15**
**27.11.2019 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 67.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДГОТОВКА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА “МИЛО МОЕ“ ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за формирање на комисија за извршување на подготовка за започнување со работа на Јавна општинска установа за деца-детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **25-та** седница, одржана на **27 ноември 2019** година.

**Бр.09-1317/14**
**28.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02“), член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Чучер Сандево (Службен гласник на општина Чучер Сандево бр. 05/2019) а во врска со член 101 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19 и 146/19), Советот на Општина Чучер Сандево на **25-та** седницата одржана на ден **27.11.2019** година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за формирање на Комисија за извршување на подготовка за започнување со работа на Јавна општинска установа за деца - детска градинка “МИЛО МОЕ” во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за извршување на подготовка за започнување со работа на Јавна општинска установа за деца - детска градинка “МИЛО МОЕ” во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево, во состав:

- Ацо Пршевски
- Маја Кметовска Урдаревска
- Светлана Рајчина

**Член 2**

Комисијата од член еден на оваа одлука ќе извршува подготвителни работи за започнување со работа на ЈОУДГ во согласност со Законот за заштита на деца.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општината Чучер Сандево”.

**Бр.08-1280/16**
**27.11.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

стр

54. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ................................ 1

55. Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево во 2019 година ........................ 2

56. Акт за основање на Јавна општинска установа за деца -детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Општина Чучер-Сандево ................... 3

57. Одлука за давање на користење, одржување и управувае на објект Јавна општинска установа за деца-детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево ..................... 7

58. Решение за именување на членови во Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца-детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево.................................................. 8

59. Одлука за давање на користење, одржување и управување на инфраструктурен објект - Фекална канализација на Јавно комунално претпријатие “Скопска Црна Гора“ Општина Чучр-Сандево ................... 10

60. Одлука за ослободување од плаќање на надомесет за уредување на градежно земјиште за изградба на подрачно основно училоште “Александар Урдаревски“ с.Долно Блаце, Општина Чучр-Сандево ....... 11

61. Одлука за формирање на совет за социјална заштита на Општина Чучер-Сандево ................................................................... 12

62. Заклучок за донесување на годишна програма за работа на ООУ “Михаљ Грамено“ с.Брест за учебната 2019/2020 година ............ 13

63. Одлука за престанување на мандат на преставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на ООУ “Александар Урдаревски“ Сандево .................................................. 14

64. Одлука за престанување на мандат на преставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј“ с.Кучевиште ......................................... 15

65. Одлука за престанување на мандат на преставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на ООУ “Михаљ Грамено“ с.Брест ............................................................... 16

66. Одлуката за давање согласност на статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на ОЈУ Партизански дом Сандево, с.Сандево, .................................................. 17

**67.** **Одлука за формирање на комисија за извршување на подготовка за започнување со работа на Јавна општинска установа за деца-детска градинка "МИЛО МОЕ" во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево ................................................ 18**